**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**
**Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство**

Број: 02-605/1
Датум: 23.05.2012
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје а согласно Правилникот за студирање на Факултетот, Наставно-научниот совет на факултетот на својата редовна XIX седница одржана на 23.05.2012 година ја донесе следната

## О Д Л Л У К А

за утврдување на правилата за промена на студиска програма

1. Префрлањето помеѓу студиските програми е можно пред почетокот на зимскиот семестар, односно во периодот 1.-15.09.
2. Студентите кои студираат во квота со кофинансирање, можат да се префрлат од една на друга студиска програма, но согласно договорот, остануваат во истата квота, со кофинансирање.
3. За студентите кои студираат во државна квота, префрлањето помеѓу студиските програми ќе се одвива согласно правилата:
   a. доколку на студиската програма е исполнета државната квота при уписот, тогаш префрлања се можни само во квота со кофинансирање, без разлика во која квота бил запишан студентот на претходната насока. Исклучок се студенти со просек над 9 за кои е дозволено префрлање од државна во државна квота.
   b. доколки на студиската програма не била исполнета целата државна квота, дозволено е прфрлање на кандидати од други студиски програми, но најмногу до исполнувањето на државната квота. Овие кандидати ќе бидат рангирани согласно положените испити и остварениот просек. Потоа, префрањето ќе оди според а)
4. Квотите се сметаат согласно уписот на генерацијата на која припаѓа студентот при неговото запишување во прва година и ќе се применуваат за префрлање во втора година.
5. Префрањето во трета или четврта година ќе се извршува исклучиво во приватна квота

**Декан**
**Проф. д-р Димитар Трајанов**

Доставено до :
– архива
- продекан за настава
- студентска служба